МАКЕДОНИЈА

htt@ol
EXPLORINGMACEDONIA.COM
ИСТРАЖЕТЕ И РЕЗЕРВИРАЈТЕ

ИНТЕРВЈУ СО ЕЛИЗАБЕТА КАНЧЕСКА-МИЛЕВСКА,
**МИНИСТЕРКА ЗА КУЛТУРА**

## Имаме културна стратегија за освојување на светот

Освен манифестацијата Денови на македонската култура во Прага и во Киев, македонската култура преку обмислени програми ќе ја има и на саемите на книгата во Франкфурт, Лондон и во Болоња



Побогата културана понуда од лани, квалитетна програма, културно освојување на светот, одговорност од директорите ќе бара министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска во годината која почна. Најавува почнатите проекти да продолжат да се градат и годинава, изградба на Археолошки музеј, реновирање на центрите за култура во внатрешноста, постојана поставка во Музејот на современата уметност.

*** Културата годинава, барем според парите со кои ќе располага (околу 3 милијарди и 337 илјади денари ) ќе биде исклучително богата. Ги одредивте ли приоритетите и правецот на развој?**

- Мене ми е навистина драго што во изминатата година се преземени силни чекори за реализација на голем број иницијативи, проекти и капитални инвестиции за да се подобрат условите во кои творат нашите уметници, но и да се подигне свеста и културното живеење во нашата држава. Затоа иницирав и активно работев да бидат зголемени средствата наменети за културата. Истовремено се работи на капиталните инвестиции што се и во програмата на Владата. Не сум нескромна ако речеме дека сум задоволна од сето тоа што го сработивме во изминатиот период. Се почитуваат предвидените рокови како за изградба на објектите за неколку културни институции, така и за големите културните програми.

**ПОГОЛЕМИ ПАРИ ПОГОЛЕМ РАЗВОЈ**

*** Имате ли визија каква ќе биде културната слика која преку програмите ќе ја понуди Министерството за култура?**

- Како и досега, ќе се залагам за рамномерен пристап на сите дејности. Ќе нема привилегирани дејности зашто потребен е рамномерен развој на сите чинители на културата - театарската уметност, музичко- сценската дејност, заштитата на културното богатство, издавачката, ликовната дејност и сите останати. Со зголемените буџетски средства ќе имаме подобри услови за развој на дејностите. Во тој однос сакам да напоменам дека се преземени

силни чекори за навремено да биде завршена работата на комисиите што работат на оценување на проектите што преку годишниот конкурс за поддршка на програми од национален интерес треба да бидат реализирани годинава. Јас искрено се надевам дека оваа година ќе имаме квалитетна културна понуда која ќе биде објавена наскоро. Стручните комисии си ја завршија својата работа и таа ќе биде ставена на увид на јавноста.

*** Во светот и кај нас 2009 година е најавена како година на рецесија. Ќе се одрази ли таквата состојба на културата?**

- Културата нема да трпи, односно предлог-буџетот помина на Комисијата за култура и на сите останати комисии. Имаме значајни проекти што треба да дадат силен импулс во домашното културно живеење, но предвидено е македонската култура се' повеќе да ја има во странство.

*** Имавме успешно претставување на македонската култура во Соединетите Американски Држави. Дали Македонија има долгорочна стратегија за културно освојување на светските простори?**

- Многу е битно што развојот на културата се развива правопропорционално со развојот на државата. Почнавме со една голема културна презентација на Македонија во САД. Годинава продолжуваме со организирање Денови на македонската култура зошто само на таков начин можеме да ја претставиме македонската културна ризница. Бенефитот за Република Македонија е голем. Тоа го покажа огромниот интерес и посетеноста на македонските програми во САД. Тоа ме прави горда и среќна и се надевам дека и годинава ќе имаме позитивни резултати и реакции. Имаме културна стратегија за освојување на светот. Веќе е прецизирано дека ќе имаме Денови на културата во Прага и во Украина. Ваквите манифестации произлегуваат од спогодбите што се потпишани помеѓу Министерството за култура или одредени држави.

Сметам дека можеме многу да направиме за промоција на државата. Многу е битно малку посериозно да се зафатиме со меѓународните саеми на книгата зошто барем досега на конкурсот се јавуваат издавачките куќи и речиси по правило секоја година има проблем со вистинското презентирање на македонската книга во светот. Не смееме да пропуштаме такви шанси како што се меѓународните саеми на книгата зашто тие се одлично место за културно претставување. Преку книгата се промовира целото културно богатство на земјата. Во тој дел Министерството за култура активно и апсолутно сериозно ќе се вклучи, што значи дека македонската книга ќе ја има на најголемиот саем на книгата во светот - Франкфурт, потоа на саемот во Лондон и во Болоња. Ќе одиме, но со целосна и со прецизна програма.

*** Во 2008 филмските фестивали доживеаја фијаско: „Браќа Манаки" се селеше, Скопскиот фестивал едвај преживеа, на „Синедејс" немаше жива душа. Како да се излезе од таквата состојба?**

- Тука навистина треба да се вклучат и носителите на фестивалите и директорите на институциите што ги организираат. Филмските фестивали ни се бројат на рака и мора да се најде начин тие да се вратат во живот. Потребна е поголема менаџерска активност и способност. Многу е битна програмата на фестивалот за да се привлече публика. „Синедејс" се помести и тоа е недозволиво. За „Браќа Манаки" и тогаш кажав и сега ќе потенцирам, не може фестивалот да има таков однос и непосредно пред фестивалот да си реши дека ќе се сели во Скопје. Тоа е недозволиво. Тој фестивал не е ничија сопственост, како што Министерството за култура не е мое. Јас сум тука за да придонесам и да дадам добра насока за развојот на културата.

Министерството за култура е целосно отворено за соработка и подготвени сме да помогнеме. Мора да се биде поодговорен кон работите, да не се решаваат во последен момент зашто годишната програма за култура се објавува во јануари секој има време беспрекорно да го организира и да го реализира тоа за што аплицирал. Ние како министерство нема да дозволиме пренамена на средствата што се одобрени за некоја програма. Не може на кој како ќе му текне да ги пренаменува одобрените средства зашто тие се дадени за одредена намена. Секој од институциите уште овој месец ќе знае што му е одобрено и на тоа треба да се фокусира.



**ОДГОВОРНОСТ ОД ДИРЕКТОРИТЕ**

*** Речиси по правило, филмаџиите се најгласни кога станува збор за работењето на институциите што ја третираат филмската дејност, но и за изборот на филмови што ќе добијат парична поддршка од државата. Во работењето на Филмскиот фонд имаше мал вакуум додека не беше назначен новиот директор (Дарко Башески). Во која насока се развива филмската уметност кај нас?**

- Филмскиот фонд објавува конкурси, а кои проекти ќе бидат поддржани одлучува Управниот одбор. Затоа велам дека во Управниот одбор треба да има стручни лица што имаат искуство. Може и да се формира и некоја работна комисија, но за тоа, сепак, ќе си одлучи директорот. Очекувам квалитетна програма. Не знам од кои причини досега не е водена сметка за продуцентската куќа „Вардар филм". Таа куќа е бренд со длабоки корени и со голема традиција. Се заложив комплетно во тој дел, односно да се разгледа состојбата. Управата за јавни приходи работи на утврдување на сите долгови - каде се настанати, од кои причини. Ние како министерство и како влада одлучивме таа институција да постои, „Вардар филм" да опстои како национална институција. Решивме целосна да се купи опрема која ќе биде во функција на „Вардар филм". Сите три институции што работат во функција на филмската дејност сакаме да функционираат како совршен триаголник - Кинотеката, Филмскиот фонд и „Вардар филм".

***Најголемата културна институција МОБ ја тресат сериозни проблеми: самоволи на директорот, отсуство на репертоарна политика, исклучително лоши меѓучовечки односи, немање креативна сила што националната институција ќе ја извадат од ќор-сокакот во кој е западната. Ваква каква што е никому не му служи - освен што е буре без дно во кое пропаѓаат премногу државни пари?**

- Многу е битно директорите на инстутициите што ги поставила државата да си ја сфатат работата многу одговорно, да ја вршат чесно и да ги почитуваат законите. Кога ќе ги видам инспекциските извештаи, гледам тажна слика - оставени се големи долгови, не се почитува законот, не се плаќа данок навреме и сите тие долгови го нарушуваат функционирањето на државата и на културата. Тие долгови утре, задутре ги блокираат институциите и повторно паѓаат на товар на Министерството за култура. Се нема одговорност. Годинава трипати одеше инспекцискиот надзор по институциите. Овие извештаи јавно ќе бидат објавени. Да се види дали директорите работат чесно и совесно и дали ги почитуваат законите. Во измените на Законот за културата се содржи и дел што се однесува на поголема одговорност на директорите на институциите. Сите ние сме менливи.

Денес сме ние, утре некој друг, но вработените во институциите се движечката сила - тие остануваат. Доколку некој не ја извршува својата функција според законот, директорот брзо ќе биде сменет. Дадовме многу средства на оние институции на кои им беа блокирани сметките. Годинава ја почнуваат позитивно и за се' што ќе се случува таму ќе барам одговорност од директорите. Значи, нема само јас да го оценувам работењето на директорите, туку и јавноста. Националните институции мора да се трудат да понудат

добра програма, тие се должни да работат одлично и во нив да има задоволни луѓе, ако не биде така, од нив ќе се бара одговорност.

*** Минатата година бевме бомбардирани од информации за епохални археолошки откритија. Како наодите да добијат меѓународна верификација?**

- Е тоа мора да го правиме сите. Имаме извонредно археолошко богатство што треба да го презентираме во светот. Од тие причини уште годинава ќе почне реализација на голем проект - изградба на зграда за археолошки музеј. Во него ќе биде презентирано непроценливото археолошко богатство откриено во Стоби, Хераклеја, Стибера, Марвинци и стотиците локалитети низ земјава. Скопското Кале целосно ќе биде истражено, а ќе бидат вработени невработените археолози. Музејот на современата уметност ќе има постојана поставка. Тажно е што стотици вредни уметнички дела лежат во депото на музејот далеку од очите на јавноста. Делата ќе се реставрираат и ќе се презентираат. Среќна сум што Владата ја прифати иницијативата за реновирање на центрите на културата, зашто тие навистина се единственото јадро на културата во градовите во внатрешноста. Во контактите со нив знам дека тие им се исклучително важни зашто се единственото место во кои се одржуваат културни програми, а кои тие со радост ги чекаат.

**На Унковски му понудија, но одби да режира во МНТ**

***Рековте дека ќе се залагате за непартизирана култура. Режисерот Слободан Унковски неодамна се пожали дека во актуелните услови нема можност да работи во домашен театар. Има ли шанса културата да биде над партиската поделеност и влијанија?**

- Министерството за култура секоја година објавува конкурс за поддршка на културни проекти. Конкурсот е еднаков за сите и на него може да конкурира секој. Унковски, како што се моите сознанија не конкурирал за проект за 2008 година. Македонскиот народен театар на Унковски му понудил да го работи текстот „Далај мама" на Љубиша Георгиевски. Во писменото известување испратено до директорот на МНТ и до мене, тогаш државен секретар, Унковски одбива да ја режира претставата но „се надева дека ќе биде слободен евентуално со некој предлог да конкурира на следниот конкурс". Во програмата на МНТ за годинава стои дека „Змејовата невеста" ќе ја режира Унковски.Сакам да потенцирам дека никој никогаш никому не затворил врата на национална институција, тие се широко отворени за уметниците што имаат квалитетни проекти.

**Лилјана Грѕо Дамовска**
**Фото Слободан Ѓуриќ**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

6765

Испрати

© 2006 Дневник, сите права задржани